

# ХОРИЗОНТАЛЕН ИНСТРУМЕНТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА 2016-2019

## *ПОДДРШКА НА РЕФОРМИТЕ И ПОДГОТОВКА ЗА ЗНАЧИТЕЛНИ ПРОМЕНИ:*

*ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРУВАЊАТА ОД ЗАЕДНИЧКАТА ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И СОВЕТОТ НА ЕВРОПА*

**Обезбедување правда**

**Борба против корупцијата, економскиот криминал и организираниот криминал**

**Промовирање на недискриминацијата и заштита на правата на ранливите групи**

**Механизам за координација на експертизи**

**http://horizontal-facility-eu.coe.int**

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

# ХОРИЗОНТАЛЕН ИНСТРУМЕНТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА 2016-2019

## *ПОДДРШКА НА РЕФОРМИТЕ И ПОДГОТОВКА ЗА ЗНАЧИТЕЛНИ ПРОМЕНИ:*

*ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРУВАЊАТА ОД ЗАЕДНИЧКАТА ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И СОВЕТОТ НА ЕВРОПА*

© 2019 Совет на Европа. Сите права се задржани. Лиценцирано на Европската унија под одредени услови. Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде преведен, репродуциран или пренесен, во каква било форма или со какви било средства, електронски (ЦД-Ром, интернет, итн.), или механички вклучувајќи и фотокопирање, снимање на каков било систем за чување или извлекување на информации, без дозвола од Директоратот за комуникации (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).
Фотографии: Проекти во рамки на Хоризонталниот инструмент)

Овој документ е подготвен со средства од заедничката програма на Европската унија и Советот на Европа. Ставовите изразени овде на никаков начин не можат да се сметаат за официјални ставови на Европската унија или на Советот на Европа.

Август, 2019 год.

# Содржина


**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ** **7**

**ХОРИЗОНТАЛЕН ИНСТРУМЕНТ: СТРАТЕШКА АЛАТКА ЗА ПОДДРШКА НА РЕФОРМИТЕ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА** **8**

**МУЛТИДИСЦИПЛИНАРНИ ПРАШАЊА** **10**

Регионална димензија 10

Родови прашања 10

Граѓански организации 11

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРАВДА** **12**

Заштита на човековите права на задржаните и осудените лица 12

Човековите права и судството 15

Подобар пристап до правдата, независност и одговорност на судството 17

Зголемување на квалитетот и ефикасноста на судските системи 18

**БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА, ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ И ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ** **22**

Борба против економскиот криминал 23

Јакнење на интегритет и борба против корупцијата во високото образование 25

**ПРОМОВИРАЊЕ НА НЕДИСКРИМИНАЦИЈАТА И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ** **28**

Спречување и борба против дискриминацијата во училиштата 28

Човекови права и дискриминација 31

Јакнење на заштитата на националните малцинства 32

Спречување и борба против трговијата со луѓе 34

**МЕХАНИЗАМ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ЕКСПЕРТИЗИ** **37**

# Листа на кратенки и акроними

| | |
|---|---|
| **КДК** | Компетенции за демократска култура |
| **ЕКЕП** | Европска комисија за ефикасност на правдата |
| **Конвенцијата** | Европска конвенција за човекови права |
| **ГО** | Граѓанска организација |
| **МКЕ** | Механизам за координација на експертизи |
| **ЕКРИ** | Европска комисија против расизмот и нетолеранцијата |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **Европскиот суд** | Европски суд за човекови права |
| **РКЗНМ** | Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства |
| **ГРЕКО** | Група држави против корупцијата |
| **Хоризонтален инструмент** | Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција (Horizontal Facility) |
| **ЛГБТИ** | Лезбејки, геј, бисексуалци, трансродови и интерсексуални личности |
| **НВО** | Невладина организација |

# Хоризонтален Инструмент: Стратешка алатка за поддршка на реформите во Западен Балкан и Турција

| | |
|---|---|
| **ПРОГРАМА** | **Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција** |
| **БУЏЕТ** | 25,000,000 ЕВРА |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | Европска унија (80%)<br>Совет на Европа (20%) |
| **ТРАЕЊЕ** | мај 2016 – мај 2019 |
| **ГЕОГРАФСКА ПОКРИЕНОСТ** | Западен Балкан и Турција |
| **СПРОВЕДУВАН ОД** | Совет на Европа |

Заедничката програма Хоризонтален инструмент, кофинансирана од Европската унија и Советот на Европа, спроведувана од Советот на Европа, беше креирана како иницијатива за соработка со цел да им помогне на корисниците од Западен Балкан и Турција да се усогласат со стандардите на Советот на Европа и, каде што е релевантно, со законодавството на Европската унија во рамките на процесот на проширување.

Хоризонталниот инструмент следеше двонасочен пристап:

- Техничка соработка во форма на совети, градење на капацитети и друга техничка поддршка прилагодена на потребите на секоја од земјите кориснички за да се постигне поголема усогласеност со европските стандарди
- Механизам за координација на експертизи (МКЕ), преку кој Советот на Европа обезбедува законодавна експертиза и совети за политики како одговор на барања

Од почетокот на Хоризонталниот инструмент беа спроведени вкупно 36 проекти.

Хоризонталниот инструмент беше спроведен како тригодишна програма (мај 2016 - мај 2019) со посебен акцент на три теми:

- Обезбедување правда;



*Регионална конференција за затворање на Хоризонталниот инструмент за Западен Балкан и Турција (2016 -2019) Тирана, Април 2019*

- Борба против корупцијата, економскиот криминал и организираниот криминал;
- Борба против дискриминацијата и заштита на правата на ранливите групи.

Земји кориснички на Хоризонталниот инструмент во овој период беа Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.[1]

Хоризонталниот инструмент се потпира на препораките на Телата за мониторинг на Советот на Европа за подобрување на законодавството и политиките на земјите кориснички коешто е потребно за усогласување со спогодбите и другите стандарди на Организацијата. Проектите од Хоризонталниот инструмент беа насочени кон сите граѓани и како такви претставуваа значаен придонес кон спроведувањето на стратегијата на Европската комисија за „Кредибилна перспектива за проширување и подобар ангажман на ЕУ со Западниот Балкан" особено во областите на засилената заедничка соработка и адресирање на конкретните предизвици со кои се соочува Западниот Балкан.

На крајот од Фазата I од Хоризонталниот инструмент, на 3 април 2019 година во Тирана се одржа регионална конференција која ги спои сите засегнати страни да ги споделат своите ставови за резултатите од програмата. Учесниците ги анализираа извлечените поуки од спроведувањето, разговараа за можностите за идна соработка и разгледуваа што би можело да се направи поинаку во иднина. Во таа прилика, Европската унија и Советот на Европа потврдија дека Фазата II од Хоризонталниот инструмент ќе продолжи од 2019 до 2022 година надградувајќи се и осигурувајќи одржливост на резултатите од Фазата I.

Оваа брошура се заснова на резултатите од спроведувањето на Хоризонталниот инструмент I, како и на резултатите за кои се разговараше на Завршната регионална конференција.

---

* Ова именување не прејудицира на ставови за статусот, и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ООН и Мислењето на МСП во врска со прогласувањето на независноста на Косово.

1. Вклученоста на Турција беше ограничена на одбрани регионални активности.

# Мултидисциплинарни прашања

## Регионална димензија

Во текот на спроведувањето на Хоризонталниот инструмент, приспособените интервенции насочени кон помагање на земјите корисннички да се усогласат со европските стандарди, постепено беа надополнети со засилен регионален фокус. Ова се засноваше на барања од институциите корисннички кои препознаа дека тоа е додадена вредност од програмата.

Во текот на спроведувањето беа воведени конкретни активности со кои се подобрија регионалните мрежи и кои на актерите им овозможија да учат од искуствата на другите при соочувањето со слични предизвици. Регионалните иницијативи особено се фокусираа на области како што се спроведувањето на Европската конвенција за човекови права (Конвенцијата), затворите, економскиот криминал, образованието и борбата против дискриминацијата.

Овој засилен регионален пристап во првата фаза на Хоризонталниот инструмент го поплочи патот за подобрена регионална димензија во Фазата II од програмата.

## Родови прашања

Родовите прашања беа интегрален дел од спроведувањето на Хоризонталниот инструмент. Сите активности беа спроведени со пристап базиран на човековите права, вклучувајќи ги на начелата на родова еднаквост - во согласност со Стратегијата за родова еднаквост на Советот на Европа – за да ги земат предвид специфичните права и потреби на мажите и жените. Алатката на Советот на Европа за родови прашања во проекти на соработка обезбеди знаење, упатства и алатки за интегрирање на родовата перспектива во сите фази од животниот циклус на проектот.

Во текот на спроведувањето на Хоризонталниот инструмент, во области како што се правдата и пенитенцијарниот систем, посебно внимание беше посветено на развојот на мерки насочени кон жените, во смисла на пристап до правда и правна помош, здравствена заштита во затворите и програми за ресоцијализација.

Беа собрани родово расчленети податоци, вклучувајќи и податоци за казнени политики во врска со родово базирано насилство, што придонесе не само кон јакнење на свесноста за родово чувствителната правда, туку и кон подготовка на мерки за зголемена застапеност на жените во судството. За да се адресира можната родова нееднаквост, беше спроведена длабинска

родова анализа за еден од проектите за задржани и осудени лица. Резултатите од неа ќе послужат дополнително да се вклучат родовите прашања во оваа сфера во Хоризонталниот инструмент фаза II, како и да се поттикне изразување на интерес во рамки на други проекти во сите области на интервенција на Хоризонталниот инструмент.

## Граѓански организации

Во сите земји корисници граѓанските организации (ГО) беа вклучени како главен предуслов за остварување долгорочно влијание врз развојот на демократското владеење и одржливоста на реформите.

Соработката со ГО беше обезбедена во согласност со Упатствата за учество на граѓанските организации во активностите за соработка на Советот на Европа и во согласност со Упатствата за поддршка на ЕУ на граѓанското општество во земјите од процесот на проширување на Европската комисија.

ГО беа вклучени во воведувањето на програми за ресоцијализација на осудените лица, креирањето на реформи во судството, следењето на трошоците за време на избори и во подобрување на пријавувањето на конфликт на интереси. ГО играа важна улога, вклучувајќи и преку Хоризонталниот инструмент, и во јакнењето на заштитата на човековите права, борбата против трговијата со луѓе и дискриминацијата, преку дефинирање на постојните предизвици и предлагање решенија до јавните власти.



Тема I:

# Обезбедување правда

***Буџет: 12.34 милиони Евра***
***Опфат: 17 Проекти***

Проектите во оваа област се фокусираа на затворите и полицијата (вклучувајќи ги и човековите права при полициското постапување, здравствената заштита во затворите и заштитните мерки против тортура и несоодветно постапување), стандардите за човекови права во судството (со фокус на подобра примена на судската практика на Европскиот суд за човекови права (Европскиот суд), пристапот до правдата, независноста и одговорноста на судството (со фокус на јакнење на независноста, одговорноста и професионалноста на судскиот систем).

## Заштита на човековите права на задржаните и осудените лица

Беше дадена поддршка за помагање на земјите корисннички да ги усогласат нивните политики, институции и практики со препораките на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

## Остварувања

- Подобри заштитни мерки и практики кои се однесуваат на несоодветно постапување  во затворите и при полициско задржување.
- Подобрена здравствена заштита во затворите и специјализираните институции.
- Подобрена ресоцијализација и социјална интеграција на осудени лица.
- Поголем акцент на ранливите групи и жените во затворите и специјализираните институции.
- Подобрен третман на пациентите во психијатриските институции.
- Дополнителна професионализација и развивање на капацитетот на затворскиот и полицискиот персонал, вклучувајќи и за справување со радикализацијата во затворите.

> *„Размената на најдобрите европски практики во однос на човековите права ќе овозможи подобро работење на полицијата и ни помага успешно да се осврнеме на слични проблеми во иднина и да го зајакнеме партнерството со граѓаните“.*
>
> **Хисни Шаља, капетан во полицијата на Косово.**

## Акценти

- Благодарение на Прирачникот за ментално здравје и Стратегијата за спречување на самоубиства, подобрена е грижата за осудените лица со ментални здравствени проблеми од страна на обучен персонал за здравствена заштита (Албанија).
- Подобрено е управувањето со затворите и третманот на ранливите осудени лица, особено на малолетниците и жените од страна на обучен специјализиран персонал, врз основа на новоразвиената наставна програма за почетна и континуирана обука, вклучувајќи и за лидерство и раководење и за персоналот кој работи со малолетници и женски осудени лица (Албанија).
- Социјалната реинтеграција на осудените лица и нивното враќање во живот во кој се почитуваат законите е подобрена од страна на обучен персонал, кој е способен да развие индивидуално планирање на казните (Албанија).
- Зголемен е капацитетот за одржлива обука на затворскиот, полицискиот и здравствениот персонал за постапување со лица лишени од слобода. Подобрено е нивото на здравствена заштита во затворите, особено за третман на ментално болни престапници (Босна и Херцеговина).
- Околу 450 затворски и полициски службеници ги прилагодија своите работни методи кон Европските стандарди за ресоцијализација на осудени лица наместо казнување (Босна и Херцеговина).

- Речиси 90% од медицинскиот и немедицинскиот персонал го подобри своето знаење за давање нега на форензички пациенти. Ова доведе до усвојување на концептот на план за индивидуален медицински третман и подобрување на секојдневните практики како што се претреси и обработка на поплаки. (Босна и Херцеговина).
- Беше развиена првата Стратегија за спречување на самоубиства за да се заштитат затворениците од самоповредување, самоубиство и несоодветно постапување. 50% од медицинскиот затворски персонал беше обучен за затворска етика и давање на здравствена заштита во однос на менталното здравје (Косово).
- Ревидираните Административни упатства и стандардните оперативни постапки обезбедуваат подобра рамка за полициско постапување усогласено со човековите права, земајќи ги предвид стандардите на Советот на Европа (Косово).
- Беа спроведени програми за ресоцијализација кои се концентрираа на најранливите членови на затворската популација - жени, малцински групи и зависници од дрога. Беа обучени целни групи на осудени лица во затворите кои ги подобрија своите можности да најдат работа на локалниот пазар на трудот (Црна Гора).
- Беше воведен концептот на „динамичка безбедност" за да се подобри комуникацијата и интеракцијата на затворскиот персонал со осудените лица врз основа на високо-професионални етички стандарди и почитување на човековите права (Северна Македонија).
- За да се подобри третманот на посебните групи, беа развиени модули за третман на престапници жени, на лица осудени на доживотен затвор и долготрајни казни, на насилни престапници и на сексуални престапници, кои беа успешно спроведени како пилот проекти во одредени затвори (Северна Македонија).
- Беше зајакната заштитата на човековите права при полициското постапување преку градење на капацитети за полициска обука на различни теми поврзани со полициската етика, со спречувањето на несоодветно постапување и со раководењето во полицијата. Ново-воведениот механизам за надворешна контрола денес ги обезбедува потребните средства за разгледување на наводите за повреда на човековите права предизвикани со дејствија извршени од вработени во Министерството за внатрешни работи со полициски овластувања и од затворската полиција (Северна Македонија).
- Два нови бихевиорални програми за престапници со кои се олеснува интеграцијата на осудените лица во општеството по нивното отпуштање беа развиени и успешно тестирани во пилот затвори (Србија).

2. Динамичката безбедност ги потенцира потребите на затворскиот персонал да комуницира и да има редовни контакти со затворениците, да оствари професионални врски и да се вклучат себеси во секојдневниот затворски живот.

- Беа развиени индивидуални планови за третман и алатки за проценка на ризикот за третирање на пациенти со психијатриски проблеми за да се понуди подобар третман на лицата со ментална попреченост (Србија).
- Министерство за здравство подготви нова стратегија за ментално здравје во која се идентификуваат приоритетните потреби потребни за подобрување на здравствена заштита во однос на менталното здравје (Србија).

*„Прирачникот за обука на затворски службеници за основните компетенции со оперативни процедури, како и Прирачникот за управување со затворениците и подобрување на човековите права во затворско опкружување ни помага да се соочиме со предизвиците и да ги преземеме потребните чекори во нашето секојдневно работење, истовремено зајакнувајќи ја довербата и добрите односи помеѓу затворскиот персонал и осудените лица“.*

**Муамер Мехиќ,**
**службеник за третман во затворот Зеница (Босна и Херцеговина).**

## Човековите права и судството

Проектите спроведени во оваа област се фокусираа на помагање на земјите корисннчки дополнително да ги усогласат своите политики, институции и практики со Конвенцијата, судската практика на Европскиот суд и мислењата на Европската комисија за демократија преку правото (Венецијанска комисија).

*„Оваа мерка е една од најуспешните во поглед на влијанието и промените што беа предизвикани како резултат на нејзиното спроведување“.*

**Артур Метани, генерален државен правобранител на Албанија**

## Остварувања:

- Подобра усогласеност на законодавството и праксата со Конвенцијата.
- Зголемена ефективност на домашните правни лекови за спречување повреди на Конвенцијата.
- Зголемени домашни капацитети за спроведување на Конвенцијата на национално ниво.
- Зголемен капацитетот на правните факултети и студентите по право во врска со остварувањето на човековите права.



*Борба против лошо постапување преку имплементација на Истанбулскиот тренинг протокол, Будва, јуни 2018*

*„Квалитетот на судските пресуди се подобри како во образложенијата така и во примената на судската практика на Европскиот суд за човекови права“.*

**Драгољуб Драшковиќ,**
**претседател на Уставниот суд на Црна Гора**

## Акценти

- Беше затворен предметот Манушаке Путо и други[3]. Беа преземени потребните мерки за да се понуди обесштетување за имот и да се спроведат домашните судски одлуки со кои се уважува правото на обесштетување (Албанија).
- Законот за државен правобранител беше изменет со што се зајакна домашниот капацитет за ефективно спроведување на пресудите на Европскиот суд (Албанија).
- 800 судии, обвинители и адвокати се стекнаа со знаење за судската практика на Европскиот суд. 60% од обвинителите и советниците беа обучени за вршење истраги на случаи на несоодветно постапување и 40% од сите регистрирани адвокати поминаа обука за примена на Конвенцијата (Црна Гора).
- Беше зајакната димензијата на човековите права во универзитетското образование преку модификација на наставната програма на правниот факултет со додавање на содржини поврзани со човековите права (Црна Гора).

3. Преку Хоризонталниот инструмент, соработката помеѓу Државниот правобранител на Албанија и Одделот на Советот на Европа за спроведување на пресудите на Европскиот суд за човекови права придонесе кон одлука на Комитетот на министри на Советот на Европа во септември 2018 година да врши близок надзорот над општите мерки во водечкиот предмет Манушаке Путо и други со што Комитетот на министри го призна постојниот механизам за обесштетување во Албанија како функционален и делотворен.

- 400 професионалци од правната струка беа обучени за програми од областа на човековите права, со што се подобрија нивните знаења за тоа како да се бранат имотните права, да се штитат жените погодени со семејно насилство и за правото на расправа во разумен рок во согласност со европските стандарди. Беше развиен водич за тоа како ефективно да се употребуваат правните лекови за да се помогне во спроведување на пресудите на Европскиот суд (Србија).
- 230 професионалци од правната струка беа обучени за примена на стандардите од Конвенцијата и беше формирана домашна група на едукатори за да вршат обука на колегите и да им пренесат знаења на судиите и обвинителите за тоа како да ја толкуваат судската практика на Европскиот суд (Северна Македонија).
- Предметот *Селмани и други*[4] беше затворен од Комитетот на министри на Советот на Европа што резултираше со конкретна промена на практиката на Уставниот суд за усни расправи со цел да се избегнат слични прекршувања (Северна Македонија).

## Подобар пристап до правдата, независност и одговорност на судството

Проектите спроведени во оваа област придонесоа кон напорите на земјите корисници за зајакнување на независноста, одговорноста и професионализмот на судскиот систем во согласност со Акцискиот план на Советот на Европа за периодот 2016-2021 за зајакнување на независноста и непристрасноста на судството и со судската практика на Европскиот суд и со олеснување на спроведувањето на препораките на Групата држави против корупцијата (ГРЕКО) и Венецијанската комисија.

### Остварувања

- Зајакнат капацитет на Советите на судии и обвинители за справување со етичките прашања.
- Зајакнати капацитети на давателите на бесплатна правна помош, вклучувајќи го и персоналот на Министерството за правда и невладините организации (НВО) за професионално постапување со барањата за бесплатна правна помош за да се подобри пристапот до правдата.
- Зајакнати гаранции за независни и непристрасни судови преку развој на алатки за заштита на судиите и обвинителите од неоправдан притисок и зајакнување на професионалната култура на непристрасност.

4. Поддршката на Хоризонталниот инструмент резултираше со затворање на предметот Селмани и други, каде Уставниот суд реши да ја смени практиката и толкувањето на сопствениот Деловник во врска со одржувањето на усни расправи за да се спречат прекршувања на Европската конвенција за човекови права.



*Регионална зимска кадемија за човекови права за студентите од правните факултети, Шабац, март 2019*

*„Знаењето на обвинителите стекнато преку овие активности е важно и приспособените обуки значително ги зајакнаа нашите капацитети“.*

**Гордана Јаникиевиќ, Заменик републички јавен обвинител во Србија**

## Акценти

- Се зголеми судската независност и одговорност преку професионална оценка на судиите (41 судии беа оценети, а 13 судии беа унапредени) според новиот транспарентен систем (Црна Гора).
- Усвојувањето на Етичкиот кодекс за обвинителите беше проследено со воведување на нови работни методи од страна на Етичките комитети на Советите на судии и обвинители (Црна Гора).
- Беа развиени сеопфатен наставен план и материјали за обука кои ги покриваат знаењата и вештините потребни за справување со барателите на правна помош, вклучувајќи и модули за родова свесност и за специфичните потреби на ранливите групи (Северна Македонија).
- Беше организирана првата професионална обука за 51 претставници на Министерството за правда, вклучувајќи речиси 100% од персоналот што работи во регионалните канцеларии, како и претставници на регистрирани НВО и на Адвокатската комора (Северна Македонија).
- По препорака на ГРЕКО, 100 судии и 200 обвинители беа обучени да го идентификуваат, пријават и подобро да се спротивстават на неоправданиот притисок (Србија) во обид да ја зголемат довербата на јавноста во судскиот систем.
- Беше организиран посебен модул за жени судии и обвинители жртви на неоправдан притисок за да се привлече вниманието кон темите за родова еднаквост и вознемирување во обвинителствата и во контекст на истрагите (Србија).

# Зголемување на квалитетот и ефикасноста на судските системи

Проектите спроведени во оваа област придонесоа за спроведување на клучните аспекти на судските реформи користејќи ги алатките и методологијата на Европската комисија за ефикасност на правдата (ЕКЕП) на институционално и судско ниво.

## Остварувања:

- Напредок во воспоставување на конзистентна методологија во рамки на судството за собирање на судски статистички податоци со користење на стандардите на ЕКЕП во судовите и судските совети.
- Подобрено познавање на функционирањето на судските системи со подобри статистички податоци за креирање на солидни политики.
- Зајакнати мерки за подобрување на системите за управување со предметите и општата употреба на сајберправда.
- Зајакнати мерки кои ги користат судските институции за адресирање на реформите (судска мапа, подобро користење на ИТ, итн.) и подобрување на задоволството на корисниците на судовите.

*„Проектот КоСЕЈ даде досега најпрецизни податоци во врска со судството и затоа улогата на овој проект е пресудна за иднината на работата на Министерството.“*

**Теа Бљакај, претставник на Министерството за правда (Косово).**

## Акценти:

- Земјите кориснички и партнерите, вклучувајќи го и граѓанското општество, ги разбираат и користат индикаторите и методологијата на ЕКЕП за да собираат и анализираат сигурни и конкретни статистички податоци за да ги идентификуваат проблемите и да воведат долгорочни решенија (Косово, Албанија).
- Длабинската анализа на функционирањето на правосудниот систем заснована врз најновите и веродостојни статистички податоци утврди недостатоци и даде препораки кои служеа како цврста основа за реформи во судскиот сектор (Косово).
- Беа споделени релевантни европски практики за поддршка на развојот на системи за управување со предметите (Албанија, Косово).
- Претседателите и персоналот на судовите беа обучени за поконкретно да ја разберат својата улога во раководењето со судовите (Косово, Албанија).




*Презентација на вториот ЦЕПЕЈ извештај за проценка на правниот систем во Косово, Приштина, март 2019*

- Поголем капацитет на судовите за употреба на алатки кои се потребни за подобрување на квалитетот на услугите на судовите, особено анкети (Албанија).
- Зголемен капацитет на медиумите и на судството да комуницираат и да ја зголемат довербата кај јавноста (Албанија).

*„Извештаите од новиот механизам за оценка за судиите и обвинителите ми помагаат во секојдневната работа, да оформам индикатори за оценка на работењето и врз основа на нив да вршам оценка на работењето на судиите".*
**Брикена Укперај, член на Високиот судски совет во Албанија.**



*Обука за судење на истраги за перење на пари, Драч, февруари 2019*

## Тема II

# Борба против корупцијата, економскиот криминал и организираниот криминал

***Буџет: 4.01 милиони Евра***
***Опфат: 6 Проекти***

Хоризонталниот инструмент во три земји кориснички (Албанија, Црна Гора и Северна Македонија) беше насочен кон борбата против корупцијата, перењето пари и финансирањето на тероризмот, што особено опфати проекти за адресирање на транспарентноста на финансирање на политичките партии, системите за пријавување на имотната состојба, националните проценки на ризикот и развојот на капацитети на одделенијата за финансиско разузнавање.

Покрај тоа, беа спроведени конкретни проекти во три земји кориснички (Косово, Црна Гора и Северна Македонија) за поддршка на властите во одржување на рамката за интегритет во системите за високо образование и во спречување на корупцијата во образованието.

*„Во Хоризонталниот инструмент се работи за луѓето – правда значи граѓаните да се чувствуваат сигурни дека нивниот правен систем ефективно ќе ги заштити од неправди и злоупотреби. Отсуството на корупција и економски криминал значи дека граѓаните ќе имаат повеќе ресурси за основните услуги.“*

**Изјава од Лиселоте Исаксон, раководителот на Сектор, Генерален директорат за соседство и преговори за проширување (ДГ НЕАР) Европска комисија, во нејзиниот заклучок на завршната регионална конференција.**

## Борба против економскиот криминал

Проектите во оваа област ги поддржаа властите во спроведувањето на мерки за спречување и истражување на корупцијата и перењето пари преку справување со недостатоците утврдени во евалуациите на Комитетот на експерти за евалуација на мерките против перењето пари и финансирањето на тероризмот и на ГРЕКО.

## Остварувања

- Подобрена законска рамка за пријавување на имотната состојба, за финансирање на политичките партии и за борба против перењето пари.
- Подобрени рамки за интегритет за судството, полицијата и пратениците преку развивање на етички упатства и Кодекс на однесување/ Упатства за пратеници.




*Воспоставување на електронски систем за декларација на средства во Албанија, Тирана, април 2019*

- Преземени мерки за посилни системи за заплена и управување со имот.
- Зајакнат капацитет на јавната администрација и антикорупциските агенции за спречување и борба против корупцијата.
- Подготвен терен за поефикасни мерки од страна на националните органи за финансиско разузнавање за борба против перењето на приходите од кривични дела и финансирањето на терористички активности.
- Подобрени капацитети на органите за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот.

*„Во рамките на Хоризонталниот инструмент и со помош на Советот на Европа развивме Регистар за вистински сопственици кој вистински ќе ни помогне во проценката на ризикот, верификацијата на податоците за сопственоста и размена на информации со чинителите од соседството за да ги постигнеме нашите заеднички цели“.*

**Блажо Трендафилов,**
**директор на Управата за финансиско разузнавање**
**(Северна Македонија)**

## Акценти

- Беа изменети Законот за финансирање на политичките партии и Кривичниот законик, земајќи ги предвид препораките на Советот на Европа, а Премиерот издаде декрет со кој се забранува политичките партии да користат државни ресурси за партиски цели во изборни кампањи (Албанија).
- Капацитетите на органите за спроведување на законот за борба против перењето пари и корупцијата беа зајакнати преку практични упатства, работилници и обуки за следење и конфискација на имот (Албанија).
- Во согласност со советите од Мерката против економски криминал, во Централната изборна комисија беше формирано посебно надзорно одделение со цел да се зајакнат нејзините капацитети за надзор над финансирањето на изборните кампањи (Албанија).
- Беше остварен напредок кон спречување на конфликтите на интерес и обезбедување дека парламентот, судството и полицијата ќе ги применуваат етичките стандарди. Беа усвоени етички упатства во врска со три целни групи (Црна Гора).
- Беше потпишан меморандум за разбирање помеѓу Агенцијата за спречување на корупцијата и Државниот завод за ревизија, кој доведе до зајакната меѓуинституционална соработка, особено кога станува збор за

контролирање на финансирањето на политичките субјекти и изборните кампањи (Црна Гора).

- Судиите и полициските службеници се стекнаа со специјализирано знаење и вештини преку посебна обука за спроведување на заштита на укажувачите во граѓанските и кривичните постапки (Црна Гора).
- Во рамките на новиот пристап кон борбата против перењето пари и финансирањето на тероризмот, подготвени се стратегија и акциски план против перењето пари, кои ги земаат предвид меѓународните стандарди и добри практики (Северна Македонија).
- Постигнат е напредок во формирањето на Регистар на вистински сопственици со цел да се евидентираат законските сопственици за да се знае кој контролира или поседува имот. Истовремено, на релевантните чинители им се ставени на располагање упатства за приватниот сектор за да се зголеми транспарентноста и да се олесни пристапот до информации (Северна Македонија).
- Регионалните активности ги надополнија напорите во земјите корисници за зајакнување на заедничкото разбирање на стандардите и компаративните практики за идентификување на ризиците од финансирањето на тероризмот и воспоставување на ефективен надзор над непрофитните организации. Ова помогна да се направи трансфер на добри практики од една земја корисничка во друга. Сите земји кориснички, вклучувајќи ја и Турција, учествуваа во регионалните активности.

## Јакнење на интегритет и борба против корупцијата во високото образование

Проектите од оваа област им обезбедија помош на националните и регионалните напори за подготовка и/или зајакнување на антикорупциските политики и рамки за интегритет во високото образование, во согласност со Препораката на Комитетот на министри за обезбедување квалитет во образованието на Советот на Европа и базата на знаење на Паневропската платформа на Советот на Европа за етика, транспарентност и интегритет во образованието (ЕТИНЕД).

### Остварувања

- Подобрени рамки за интегритет за спречување на корупцијата во високото образование.
- Изработена иновативна законска рамка за заштита на академскиот интегритет.
- Зголемена свесност за придобивките од стандардите за интегритет и етика кај главните чинители во образованието, вклучувајќи ги и студентите, академскиот персонал и административната управа.




*Семинар "Интегритет во високо образование - предизвици за универзитетската администрација", Будва, декември 2018*

> *„Како претставник на граѓанска организација, можам да кажам дека со овој проект прикажавме дека институциите и системот можат да се здружат и делотворно да работат заедно".*
>
> **Зоран Вујичиќ, претставник на ГО Граѓанска алијанса (Црна Гора)**

## Акценти

- Беа развиени модели на етички кодекси за студенти, академски персонал и управата на универзитетите и беа доставени до Министерството за образование, наука и технологија. Тие беа одобрени и од јавните универзитети (Косово).
- Беа организирани конференции и јавни дебати на универзитетите, придружени со дигитални материјали, интернет промотивни материјали и практични курсеви за студентите (Косово, Црна Гора, Србија).
- Подготвен е Закон за академски интегритет за да се осврне на различните форми на академско неприфатливо однесување, вклучувајќи и плагирање и неетичко однесување и за да се воведат минимум стандарди за заштита на академскиот интегритет во високо образовните институции. Донесен е во март 2019 година (Црна Гора).
- Пакет ресурси за интегритет, етика и транспарентност во високо образовните институции беше развиен како посебен курс за студенти на дипломски и постдипломски студии (Србија).
- Онлајн курсеви за академски интегритет (задолжителен за студенти на прва година) како за студентите така и за наставниот кадар на Универзитетот на Црна Гора.




*Одбележување на денот за борба против малтретирањето, Тирана, ноември 2018*

## Тема III

# Промовирање на недискриминацијата и заштита на правата на ранливите групи

***Буџет: 5.53 милиони Евра***
***Опфат: 13 посебни Проекти***

Беше обезбедена поддршка за справување со расизмот, насилништвото, сегрегацијата и екстремизмот во образовниот систем, за поддршка на работата на институциите на народниот правобранител, за борба против трговијата со луѓе (со фокус на помош за жртвите на трговија со луѓе) и за борба против различните форми на дискриминација, како на пример дискриминација на националните малцинства, како и дискриминација врз основа на сексуалната ориентација или родовиот идентитет.

## Спречување и борба против дискриминацијата во училиштата

Проектите во оваа област им обезбедија помош на властите за спроведување на препораките од Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата (ЕКРИ), од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства (во натамошниот текст: РКЗНМ) и од Комесарот за човекови права.

## Остварувања:

- Придонес кон политиката базирана на докази во образованието која е доследна на принципите на недискриминација и еднаквост.
- Во пилот училиштата беа воведени конкретни мерки за недискриминација, вклучувајќи и стратегии и одговори на насилништвото, а потоа беа применети и на национално ниво.
- Зајакнати капацитети на пилот училиштата за негување на демократска училишна култура во согласност со принципите на недискриминација и еднаквост.
- Во пилот училиштата беше воведена Рамката за компетенции за демократска култура (КДК) на Советот на Европа.

*„Климата помеѓу учениците и наставниците се смени и стана попријателска и колаборативна. Родителите и заедницата станаа поактивни во училишниот живот. Тоа им помага на учениците да учествуваат во активности за борба против насилништвото. Нашето гледиште кон појавата се смени“.*

**Социјален работник од Албанија**

## Акценти

- Во новиот Закон за правата и заштитата на детето и во „Националната агенда за правата на детето 2017-2020“ беа интегрирани препораки за насилништво во училиштата, а 21 ноември е прогласен за Национален ден за борба против насилништвото на училиште. Активностите допреа до 14.000 граѓани и млади луѓе (Албанија).
- Програмата за обука на наставници за намалување на насилништвото беше акредитирана од Комисијата за акредитација на модули и програми за обука, за периодот 2017-2021 година, откако беше спроведена како пилот програма меѓу 210 наставници од 21 пилот училишта (Албанија).
- По заедничкото упатство од Министерството за образование и Министерството за финансии и економија, овие пилот практики против насилништвото ќе бидат воведени во сите училишта во училишната 2019-2020 година (Албанија).
- Препораки за политиките со Патоказ за промовирање на квалитетно образование во мултиетнички општества во БиХ, се одобрени од сите министерства одговорни за образование и засновани на студија за проценка, фокус групи и поддршка за спроведување мерки за справување со етничката сегрегација во формалниот образовен систем во девет пилот училишта. (Босна и Херцеговина).



*Тренинг и размена на истмисленици за 40 членови на српцки пилот училишта, Будимпешта,јули 2018*

- Развиена е наставна програма за обука на наставници на работното место (насочена кон професионалците од образовниот сектор на сите нивоа на пред-универзитетско образование) и е подготвена да мине низ националниот процес на акредитација (Црна Гора).
- Развиен е Патоказ за поттикнување на демократска училишна култура за да ги информира и води креаторите на политики во образованието за тоа како да се поттикне демократска култура на ниво на наставна програма, педагогија, оценување, едукација на наставниците и преку пристап што ќе го опфати целото училиште (Црна Гора).
- 26 пилот училишта, 1000 200 наставници, директори на училишта, психолози и претставници на заедницата од 20 пилот училишта беа обучени за човекови права, насилништво и насилство во училиштата, социјална инклузија и вклучување на родовите аспекти во образованието. Покрај тоа, 26 април беше прогласен за официјален „Ден на разновидноста и инклузијата“ (Косово).
- Патоказ, вклучувајќи и препораки за политики кои ја поддржуваат демократската училишна култура и почитување на разновидноста, беше одобрен од Министерство за образование, наука и технологија (Косово).
- 26 пилот училишта, 1.000 професионалци од сферата на образованието и над 10.000 членови на заедниците беа вклучени во организирањето на 11 октомври како национален „Ден на инклузивноста“. Дополнително, 200 наставници поминаа низ сертифицирана обука за тоа како да предаваат демократија и човекови права и да градат мултидисциплинарно знаење преку воншколски активности (Црна Гора).

- Компетенциите за демократска рамка на Советот на Европа беа целосно усвоени и интегрирани во предавањата и во воншколските активности во 20 пилот училишта, а препораките за поширока примена на резултатите беа одобрени од Министерството за образование. 2.150 ученици и 250 наставници учествуваа во ревизија на стандардите за квалитет на образованието во врска со демократското образование (Србија).
- Беа подготвени упатства за соодветна застапеност на националните малцинства во задолжителните наставни програми, стандарди и учебници за основно и средно образование кои се потпираат на експертизата на Советот на Европа (Србија).
- Невидено медиумско внимание кое допре до најмалку 100.000 граѓани во сите делови на Србија, вклучувајќи ги и националните малцинства бидејќи извештаите се објавуваат и на јазиците на малцинствата (Србија).

*Министерството за образование, наука и технолошки развој е екстремно задоволно од резултатите на овој проект и ние размислуваме како тој да се продолжи.*

**Анамарија Вичек,**
**државен секретар во Министерство за образование,**
**наука и технолошки развој на Србија**

## Човекови права и дискриминација

Проектите спроведени во оваа област се фокусираа на помагање на земјите корисннчки да ги усогласат нивните политики и практики со Конвенцијата и со препораките на Комесарот за човекови права и на ЕКРИ.

### Остварувања

- Зајакната е институцијата на Народниот правобранител за човекови права за борба против дискриминацијата.
- Постигнат е напредок во остварувањето на препораките на ЕКРИ преку насочена обука за спречување на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

*„Ова беше прв пат адвокатите да бидат директна цел на активности и нашите аналитички вештини придонесоа кон квалитетот на повеќе нацрти во врска со предмети со дискриминација.*

**Адвокат од Институцијата народен правобранител**
**за човековите права од Босна и Херцеговина**

## Акценти

- Заради спречување и борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, формиран е меѓуминистерски тим за мониторинг на Националниот акциски план за лезбејки, геј, бисексуалци, трансродови и интерсексуални личности (ЛГБТИ) и обучени се над 150 полициски службеници да идентификуваат и да постапуваат по злосторства од омраза кон ЛГБТИ луѓето (Албанија).
- Водич за „Полициско постапување во врска со криминал од омраза против ЛГБТИ лицата: обука за професионален полициски одговор" беше развиен и интегриран во наставната програма за континуирана полициска обука на Академијата за безбедност (Албанија).
- Беа зајакнати капацитетите на институцијата Народен правобранител за човекови права за спречување и борба против дискриминацијата. Беше подготвен прирачник за недискриминација и беше воведен механизам за прибирање податоци (Босна и Херцеговина).
- Беше зајакнат дијалогот помеѓу институциите на Народниот правобранител и 43 јавни институции на централно, регионално и општинско ниво и беа воспоставени поблиски врски со судството, за да се зголеми квалитетот на националните пресуди (Босна и Херцеговина).
- Беше зајакната соработката помеѓу институциите на народниот правобранител, Националната агенција за родова еднаквост и Родовите центри на Федерацијата на Босна и Херцеговина и Република Српска за подобро да се борат против родово базираното насилство (Босна и Херцеговина).

# Јакнење на заштитата на националните малцинства

Проектите се фокусираа на помош при спроведувањето на препораките на Комесарот за човекови права, како и на оние кои произлегуваат од следењето на Рамковната конвенција за националните малцинства (РКНМ) и Европската повелба за регионални или малцински јазици.

## Остварувања

- Зајакнати капацитети на институциите кои се занимаваат со заштита на лицата кои припаѓаат на националните малцинства.
- Засилени правни рамки за заштита на правата на националните малцинства.
- Подобрен меѓукултурен дијалог и институционална координација помеѓу релевантните засегнати страни.



*Првиот натпревар во основно училиште во врска со национални малцинства во Босна и Херцеговина, Прњавор, февруари 2019*

> *„Оваа мерка навистина придонесе за подобра позиција на националните малцинства во Босна и Херцеговина. Бевме сведоци на јакнењето на капацитетот на телата кои ги претставуваат малцинствата, подобра комуникација на теренот помеѓу Министерство за човекови права и бегалци и граѓанските организации, и различната перспектива која ја усвоија медиумите во врска со националните малцинства во Босна и Херцеговина“.*
>
> **Тихомир Кнежичек,**
> **член на Советот за национални малцинства**
> **на Босна и Херцеговина**

## Акценти

- Донесен е Рамковниот закон за заштита на националните малцинства, со кој се укина диференцијацијата меѓу националните малцинства и етно-лингвистичките заедници и се воведоа девет национални малцинства и принципот на само-идентификација (Албанија).
- Формирана е Група за координација на малцинствата под покровителство на Министерството за човекови права и бегалци како прв формален форум за подобрување на дијалогот помеѓу малцинствата и властите (Босна и Херцеговина).
- Пет локални самоуправи (Брчко, Пријeдор, Прњавор, Сараево и Тузла) беа поддржани преку мали грантови за промовирање на култури, јазици и традиции на малцинствата, како и за нивно учество во јавниот живот (Босна и Херцеговина).

- Законот за национални совети на националните малцинства беше изменет и доведен во согласност со препораките на Рамковната конвенција за национални малцинства (Србија).
- Во подготовка се упатства за употреба на малцинските јазици во образованието, администрацијата и судството (Србија).
- Преку мали грантови беа поддржани пет локални самоуправи (Босилеград, Бујановац, Медвеѓа, Сомбор и Врање) за промовирање на малцинските јазици во образованието, администрацијата и правосудниот систем, вклучувајќи и унапредување на јазичното наследство и идентитет и поставување двојазични топографски знаци (Србија).

## Спречување и борба против трговијата со луѓе

Проектите се фокусираа на помошта при спроведување на препораките на Групата експерти за акција против трговија со луѓе.

### Остварувања:

- Зајакнати капацитети на трудовите инспекторати и клучните чинители во борбата против трговијата со луѓе за да се спречи трговијата со луѓе заради трудова експлоатација.
- Напредок во зголемувањето на пристапот до обесштетување за жртвите на трговија со луѓе.

*„Овој проект претставува пионерска работа во спречувањето и борбата против трговијата со луѓе заради трудова експлоатација во Србија, бидејќи трудовите и пазарните инспектори претходно не беа вклучени, ниту обучени на оваа тема“*

**Митар Ѓурасковиќ, национален координатор за борба против трговијата со луѓе (Србија).**

### Акценти

- 60% од трудовите инспектори во Србија и 90% во Северна Македонија беа обучени за прашања поврзани со трговијата со луѓе (Северна Македонија и Србија).
- Постигната посилна соработка меѓу клучните чинители во борбата против трговијата со луѓе и помеѓу местата на дестинација и местата на потекло на жртвите со цел да се обезбеди подобра заштита на правата на жртвите на трговија со луѓе во Северна Македонија и Србија.



*Работилница за индикатори за откривање и прелиминарна идентификација на деца жртви на трговија, Скопје, февруари 2019*

- Напредок во подготовката на законодавство што обезбедува пристап до државен фонд за обесштетување на жртвите на кривични дела, вклучувајќи и жртви на трговијата со луѓе (Северна Македонија).
- Поголемо разбирање кај професионалците од правната сфера и кај други клучни фактори во борбата против трговијата со луѓе за тоа како да им се обезбеди пристап до обесштетување на жртвите.

> *„Во професионална смисла учеството во овој проект е многу важно за мене, затоа што ми овозможи да ги подобрам своите знаења и вештини во областа на борбата против трговијата со луѓе. Сега имам нови пристапи што ќе ја направат мојата работа поефикасна".*
> **Фатиме Битиќи, државен трудов инспектор (Северна Македонија).**



*Делегација на Венецијанската Комисија и ОБСЕ/ОДИХР во посета на Албанија, Тирана, септември 2018*

# Механизам за координација на експертизи

Во рамките на Механизмот за координација на експертизи (МКЕ) беа давани ад-хок совети и експертиза како одговор на барањата за анализа на законите и поврзана помош. Телата и одделите на Советот на Европа обезбедија законодавна експертиза и совети за политики како одговор на конкретни барања во области како што се: обезбедување правда, борба против економскиот криминал, антидискриминација и заштита на правата на ранливите групи, слобода на изразувањето и медиумите, како и уставни прашања што спаѓаат во областа на надлежност на Венецијанската комисија.

Во трите години на спроведување, беа примени вкупно 21 барања, од кои 14 се однесуваа на експертизата на Венецијанската комисија и 7 на други субјекти на Советот на Европа, вклучувајќи ја и Канцеларијата на Специјалниот претставник за миграција на Генералниот секретар.

Клучните остварувања опфаќаат:

- На својата пленарна седница на 14-15 октомври 2016 година, Венецијанската комисија усвои amicus curiae извештај за Законот за третман на имотот и финализирање на процесот на обесштетување на имотот.

- На својата пленарна седница на 14-15 октомври 2016 година, Венецијанската комисија усвои amicus curiae извештај за методот на избор во Домот на народите на Федерацијата на Босна и Херцеговина, како одговор на барање од Уставниот суд на Босна и Херцеговина.
- На својата пленарна седница од 9-10 декември 2016 година, Венецијанската комисија усвои amicus curiae извештај за Законот за преодно реоценување (или „ветинг") на судиите и обвинителите во Албанија, како одговор на барање од Уставниот суд на Албанија.
- На барање од Државната изборна комисија од Северна Македонија, во март 2017 година беше испратен експерт од Венецијанската комисија да обезбеди помош за администрирање на локалните избори.
- Во Црна Гора беше донесен законот за странци во согласност со препораките дадени од Канцеларијата на Специјалниот претставник за миграциски прашања на Генералниот секретар на Советот на Европа, што претставува позитивен напредок во општата заштита на правата на мигрантите во Црна Гора.
- На својата пленарна седница на 16-17 март 2018 година, Венецијанската комисија го усвои Мислењето за Нацрт законот за спречување и заштита од дискриминација во Северна Македонија.
- Правна експертиза и совети за политики им беа дадени на клучни судски институции во Северна Македонија, вклучувајќи ги и Судскиот совет, Советот на обвинители и Врховниот суд, со цел да се унапредат тековните реформски процеси во областа на судството.
- По помошта дадена за време на процесот на подготовка на измените на Уставот на Србија во врска со судството, Мислењето на Венецијанската комисија за предложените измени беше усвоено на пленарната седница на Венецијанската комисија на 22-23 јуни 2018 година.
- Мислењето на Венецијанската комисија за измените на Законот за судскиот совет и судиите во Црна Гора, во врска со назначувањето на судии поротници во Судскиот совет беше усвоено на пленарната седница на Венецијанската комисија на 22-23 јуни 2018 година како итен одговор на ризикот од целосна парализа на судската гранка на власта во Црна Гора.
- Мислењето на Венецијанската комисија за нацрт Законот за изменување и дополнување на законот за финансирање на политичките партии во Косово беше усвоено на пленарната седница на Венецијанската комисија на 22-23 јуни 2018 година.
- Беа преземени чекори од властите во Црна Гора за подобрување на законодавството за медиуми. МКЕ го поддржа изготвувањето на три нови закони од областа на медиумите. Нацрт законите, во нивната тековна верзија, се чини дека отсликуваат многу од препораките на Советот на Европа.
- На пленарната седница од 15-16 март 2019 година, Венецијанската комисија донесе правно мислење за измените на Законот за судовите, подготвени од Министерството за правда на Северна Македонија. По мислењето на Венецијанската комисија, Северна Македонија го донесе изменетиот Закон за судскиот совет. Главните грижи изразени во мислењето беа опфатени во законот објавен во мај 2019 година.

## ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ

http://horizontal-facility-eu.coe.int
jp.horizontal.facility
@CoE_EU_HF

## КОНТАКТ

Координативен тим на Хоризонталниот инструмент
Канцеларија на Генералниот директорат за програми
Совет на Европа
Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France
E-mail: horizontal.facility@coe.int

**Овој документ е подготвен со средства од заедничката програма на Европската унија и Советот на Европа. Ставовите изразени овде на никаков начин не можат да се сметаат за официјални ставови на Европската унија или на Советот на Европа.**

PREMS 173219

MKD

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 47 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа